

9 ТЕМА

Нејзиното величество:

Елка Весковска Малиќи

# ДЕМОКРАТСКИ МУЛТИКУЛТИ КОКТЕЛ: ВРЕДНОСТИ И ИДЕНТИТЕТИ





**Нејзиното величество**

# Елка Весковска - Малиќи

Те молам само немој за мултикултура, оти јас сум чиста мултикултура. Понекогаш не знам во што да верувам и на кого да припаѓам. Мојата баба е Унгарка, другата Македонка, едниот дедо Словенец, другиот Србин, татко ми се чувствуваше Македонец, мајка ми Југословенка, маж ми е Албанец.... Една таква каша што крај не можеш да најдеш. Но, јас само знам дека сум државјанка на Македонија и тука си го јадам лебот. Друго не ме интересира многу. За иронијата да биде поголема, работам како коктел-мајстор во еден хотел и по цел ден мешам пијалаци. А за културата? Каква црна култура? Јас никаде не гледам македонска или албанска култура. Тоа одамна е минато. Ајде ти кажи ми на која култура припаѓам: не сакам народна музика, туку рок и класична; верувам во еднаквост на мажите и жените; христијанка сум, но не одам во црква и можам да бидам и православна и католичка по потекло; се облекувам европски, ма какви европски - светски; живеам современо како деловна жена и немам време да правам адети; пријателите ми се од најмалку 10 националности, повеќе сакам хамбургер отколку некои таму „национални јадења"; во историја не верувам, затоа што секој си ја пишува како што сака. Ајде те молам, кажи што сум јас? Мене ми е смешно кога слушам дека оваа култура била загрозена, овој етнос бил загрозен... Смешки на квадрат. Јас културата не ја поврзувам со етносот. Таа етничка култура нека си ја негуваат во културно-уметнички друштва, за време на некои празници... Но, добро е да се знае дека луѓето треба да се обединуваат а не да се делат. Најмногу сакам да се декларирам како Македонка - Европејка.





Поимот „мултикултура„ значи многу нешта, но ние ќе прифатиме дека означува тоа кога во едно општество постојат повеќе индивидуи коишто се разликуваат една од друга на различни начини, имаат различен јазик, обичаи, традиција, религија, митови, етничка припадност, различни гледања на животот, навики, стил на живот, делат различни вредности и имаат различна **свест за припадност**.

Основна карактеристика на демократскиот начин на мислење е дека многуте и различни култури создаваат богатство на понуди на културни склопови и дека сите тие треба да се негуваат.
Ако подобро се анализираат работите, ќе се забележи дека станува збор за културни одлики што единката ги прифаќа како свои - со нив се идентификува.

?

Ете, тоа е мојот проблем. Вие овде зборувате за идентитетот - така? Иако кај мене сето тоа е етнички измешано, јас немам КРИЗА НА ИДЕНТИТЕТОТ. Јас точно знам што сум. Не ми е сега до озборување, ама морам да речам дека многу „чисти" припадници на еден етнос имаат „дебела" криза на идентитетот и наместо да се потврдуваат како личности, тие се криjат зад етничкиот идентитет...



Не постои општество во светот каде што може да се каже „овде постои една, две или три вида култури". Дури и да постојат три етноси во една земја, не можеме да кажеме дека постојат три култури. Секој би прашал: а онаа култура на младите што речиси сите млади ја делат? А онаа политичка култура, културата на однесување наречена бонтон?
Значи, не е проблемот во културите во една земја и во тоа дали се тие мултиетнички, затоа што мора да бидат и мултиетнички, и мултикултурни, и урбани, и рурални, и андерграунд, да имаат и рок култура, и пуританска култура, и елитна култура, и маргинализирани култури.

!

Значи, проблемот на културите и мултикултурите е проблем на дефинирањето и идентитетот.

Може да биде. Но, тој проблем е многу посложен. Иако животот на граѓаните во речиси 99% се состои од исти работи, без разлика на припадноста, сепак постојат културни одлики што не се исти, имаат специфично потекло и луѓето сакаат со нив да се идентификуваат,

▸ ▸ ▸

односно - да се разликуваат. Некои разлики се факт, како што се јазикот и верата, некои се работа на убедување, некои разлики постојат како предубедување на групите. Како и да е, таквите разлики луѓето ги земаат како основа за разликување на ваква или таква култура, во тоа веруваат и добиваат впечаток за посебност на својата група и култура. Притоа, јазикот, верата, историјата во која веруваат, традиционалната култура и обичаите ги земаат како основа за идентификација и разликување. Но, тоа е само еден вид на разликување на културите.
Од друга страна, постојат помали групи коишто својата култура ја идентификуваат по други основи и тие излегуваат од класичната шема на разликување на етнички култури. Понекогаш нив ги нарекуваат суб-култури.

Значи, личноста решава на кој начин ќе се разликува од другите и ќе одбере дали тоа ќе биде според етничката култура или според други нешта. А може и сите тие работи да бидат измиксани во едно.



Секогаш се измешани. Која било култура е составена од културни одлики што се „позајмувани“ од други народи и култури. Сите култури се силно измешани, па дури и традиционалната култура (фолклорот) е мешавина од автохтони и позајмени одлики. Во текот на целата историја, постојат центри што создаваат силни и нови култури, кои понатаму се шират по светот. Секоја група зела по некоја културна одлика од нив и со време ги смета за свои. Модата постоела отсекогаш, исто како и денес, и тука нема многу разлика. И ден-денес слушаме од младите дека оваа работа е „кул“, а некоја друга е „аут“. Дури и да не знаат да кажат зошто - а не знаат, модата секогаш многу влијаела врз формирањето на културите. Секогаш една култура влијаела врз друга, а најмногу влијаеле културите на големите империи како што биле: Рим, стара Грција, Франција, Австрија, Отоманската империја, Византија, или како што се денес САД.

Значи, секоја култура е „коктел“ во кој состојките се мешаат со векови, но најмногу има современи состојки. Тоа и мене така секогаш ми се чинело. Големите етнички националисти носат италијанско палто, пушат „Марлборо“, се возат во „Мерцедес“, користат тајвански компјутер, јадат „виенска“ шницла и зборуваат за „чисти“ народи и култури - смешки.



Тоа не е и никогаш не било проблем. Луѓето можат да веруваат во што сакаат и да се чувствуваат како што сакаат. Само понекогаш постои проблемот на културната толеранција и почитта кон културата што не ја чувствуваш како своја. Во тоа е поентата.

За една демократска држава е најбитно различните култури да бидат нормален и составен дел од секојдневието. Луѓето со такво секојдневие се навикнати да живеат опкружени од разновидни култури и целото нивно општествено дејствување се потпира врз контакти и интеракции меѓу луѓе што прифаќаат поинаков начин на живот и култура. Со тоа што така ги организираат своите животи, деловните, семејните и пријателските контакти, тие учат да ги прифаќаат различните вредности што ги промовираат и негуваат различните култури. Животот под еден општествен и политички „покрив“ налага заемно разбирање и уважување.

Ова не важи само за културите во Македонија. Со познавањето на светските култури ние стануваме побогати за нови сознанија, нови погледи на светот и животот, но и за тоа како одредени народи се приспособиле на просторот и како ги решиле предизвиците на сопственото постоење и опстанок. Дури и културите на најмалите етнички групи во најнеразвиените општествени системи се вистинско богатство за **КУЛТУРАТА НА СВЕТОТ.** Сетете се само колку многу сознанија имаме од оние егзотични култури од Австралија, Африка или Латинска Америка. Едноставното општество и култура на Пигмеите никому не му даваат за право да ги уништи или да ги асимилира. Напротив, една современа култура и општество имаат обврска тој начин на живот да го заштитат, со што придонесуваат за богатството на културите.

Но, зар тие примитивни култури не треба да се осовременат, да ги уживаат и тие благодетите на светската култура и цивилизација?

Да Ви кажам една најприфатена дефиниција за примитивец: „Примитивец е оној што се оградил со колци и на кој му се чини дека надвор од тие колци сите помалку вредат". Според таа дефиниција, сите ние што ги величаме сопствените култури за сметка на другите сме примитивци.

Културата се збогатува како преку сопствен развиток, така и преку примање културни одлики од други култури. Тоа води кон појавата идентитетот што го носи една култура да може да има различно значење за различни луѓе. Тоа нè води до еден од клучните зборови со кои започнавме - **идентитет!**

Уште од најраната младост, човечкото суштество се прашува за сопствениот идентитет. Од една страна, единката припаѓа на семејството, маалото, училиштето каде што учи, етносот, припаѓа на одреден начин на живот, кој зависи од тоа што работат нејзините родители, каков начин на живот прифатиле, какви се односите во местото на живеење, колку силни институции постојат, дали живее во село или во град. За сето тоа време, единката мора и да припаѓа и да биде своја. Тоа ни кажува дека постојат **индивидуален и колективен идентитет.**

Индивидуалниот идентитет се формира врз основа на личните достигнувања и вредности (степен на образование, работни успеси, талентираност за разни работи и лични особини, стил на живот, прифатени вредности, остварување на зацртаните желби и планови...).



Јас не би рекла дека сè е толку чисто. Колективниот идентитет влијае и врз личниот. Знам поединци коишто своите животни неуспеси ги покриваат со некои работи што му припаѓаат на групниот идентитет.

Потполно се согласувам со Вас.
Колективниот идентитет е збир на повеќе фактори, кои кај поголем број луѓе создаваат чувство на припадност кон определена група. Во тие фактори спаѓаат: етничка и конфесионална припадност, митови, херои, традиционални обичаи, чувство за посебна историја и слично. Постојат личности кај кои преовладувачкиот идентитет се стекнува од личните афинитети, полот, професијата... Има примери каде што одреден број жени и девојки сметаат дека припадноста кон женскиот пол е основен тип припадност. Други мислат дека нивната личност е најмногу одредена од тоа што се рокери, „откачени“, млади и способни. Некои мислат дека нивната припадност е одредена од нивното материјално богатство.
И вистина е дека не е сѐ толку чисто. Кога се појавуваат општествени кризи, голем број личности доживуваат криза на идентитетот и утеха бараат во групниот идентитет, во него наоѓаат некаква сигурност.

Тажно е тоа. Јас навистина сакам да запознаам луѓе што имаат сопствени вредности и се случува да имам гости коишто, поради својата лична несигурност, повеќе сакаат да се дел од некаква етничка маса отколку да бидат личности. Навистина, кризата кај нас направи луѓето да бидат многу несигурни во себе.



Често се случува двата идентитета да бидат спротивставени, иако не е правило дека тоа секогаш се случува. Индивидуалниот идентитет е оној што често потклекнува пред колективниот. Имено, кога луѓето припаѓаат на одредена група, тие се однесуваат и прифаќаат вредности што се сметаат за заеднички за таа група. Може да се случи и ограничување и репресирање на личните вредности и начини на однесување. Овие притисоци се засилуваат во ситуација на кризи. Затоа твоите гледишта се сосема точни. Кризата ја поттикнува несигурноста кај лицата што ја одбираат линијата на помал отпор и се претопуваат во **ГРУПНОТО ЕГО.**



Јас би рекла дека политичарите тоа го обожаваат.

## Типови мултикултурни општества



Во историјата постоеле различни начини на настанување и на постоење на мултикултурни општества. За големите империи од минатото било небитно какви и кои народи живеат во нивните држави. Едноставно, тогаш не постоеле етнички прашања, а секој од тие освоени народи станувал составен дел на империјата, без што било да менува во сопствената култура и начин на живот. Тие држави се нарекуваат империи, а нивните владетели - универзални владетели. Тогаш било битно да се освои што поголема територија и да се земе што повеќе данок. Такви биле: античка Македонија, Римската империја, Отоманската империја, кралска Русија. Исто така, постоеле и бинационални држави, како што била Австроунгарија, тринационални, како што е Швајцарија... Начинот на кој е формирана една држава се одразува и врз типовите култура што се присутни во тие држави.



Постојат разни мултикултурни општества каде што мултикултурализмот опфаќа разни неетнички општествени групи. Притоа се мисли на земји со различни религии, јазици, касти, а како групи со одделна и препознатлива култура можат да се сметаат и: хомосексуалците, гетата, елитните квартови за живеење, тајните општества, фашистичките движења, движењата за „расна чистота“, техно-младината, анархистите.



За настанување на вистинските мултикултурни општества, кои не се засновани само врз етничка, јазична и верска основа туку и врз толеранција на сите видови различности, голем придонес имаат новите земји, кои се населувани во последните векови од страна на доселеници од цел свет. Притоа се мисли на САД, Канада и Австралија. Тие општества се нарекуваат **имигрантски**.

Причините за населување на овие земји се, пред сè, економски. За овие општества е најбитно тоа дека творат нов тип култура - имигрантска култура, која е нов квалитет и нешто невидено каде било пред тоа. Едноставно, во тие земји никој не можел да се повикува на етнички територии, старост на етносот, големи владетели. Мнозинството знаело дека се дојденци. Овие култури се одликуваат со претопување на етносите и културите во еден преовладувачки тип култура, која се одликува со голема виталност, способност за прифаќање на новото и постојано експериментирање. Мора да се напомене дека во сите овие земји се зборува англискиот јазик и основа на културата е англосаксонскиот културен комплекс (освен во Канада, каде што има делови со предоминантна француска култура).

Приказната во Европа е поинаква. Овде можеме да зборуваме за држави со национални малцинства. Во Европа имаме многу посложена ситуација.



Во Европа и Азија имаме друга состојба, а тоа се држави во кои има мнозинско население што припаѓа на една култура и малцинства што припаѓаат на други култури. Овие држави настанале преку вековните војни и освојувања, прекројувања на границите и историски претопувања. На крајот, врз основа на сето тоа, се создале денешните држави. Најчесто, малцинствата што живеат во една држава имаат соседна матична држава, од која ги дели државна граница. Иако тие малцинства живеат во една држава, обично културата ја споделуваат со културата на својата матична држава. Во современата европска историја, малцинствата и малцинските култури биле голем проблем, па дури и причина за војни. Денес, со усвојувањето на концептот на малцинските права, со отворањето на границите и можноста за слободно развивање на малцинствата и културите на малцинствата, тоа е сè помал проблем. Ако постои проблем, тогаш тој повеќе се должи на лошата политика и институции отколку на реални меѓуетнички проблеми.

А примерот со Швајцарија! Таму постојат три преовладувачки култури на трите народи што живеат таму.

Или, ајде да ги земеме Амишите во САД. Станува збор за заедници коишто доброволно се откажуваат од своето државјанство и поради своите културни, но најчесто и религиски убедувања, настојуваат да водат изолиран и одвоен живот од останатите делови на државата во која живеат. Тие имаат мошне специфична култура и решиле да ја одржуваат во целосна изолација. Нивно право - нели?



Постојат и други жители на одредени држави, кои се исклучени од јавниот живот и се надвор од секаква интеграција - правна, политичка или социјална. Тие живеат на маргините на поширокото општество. За тоа зборував со еден гостин од Германија и тој ми кажа за примерот на заедниците на Турците во Германија.





Приказната со културите е уште посложена, затоа што постојат и различни национални малцинства и специфични култури што ги негуваат, според местото каде што живеат и според степенот на различност од мнозинската група. Овде е важно дали малцинските култури и групи се територијално збиени или растурени. Може да се зборува за малцинства што се слични и малцинства што се многу различни од мнозинското население. Кога го велиме ова, можеме да кажеме дека малцинствата многу посилно ги чуваат сопствените етнички обележја и ја негуваат својата етничка култура, отколку што тоа се прави во матичната држава. Мене, на пример, еден мој пријател од Истанбул ми кажа дека традиционалната култура на Турците најсилно се чува во Македонија и во Бугарија, токму поради тоа што тие се поизолирани од „матичната држава“.

?

Мене ова ми изгледа како некој вид одговор на малцинските култури спрема мнозинската. Дали тоа може така да се нарече? И нешто друго. Цело време зборуваме за културите на мнозинството, малцинството. Мора ли сето тоа да има етнички карактер?



Тоа и е одговор.

Малцинствата можат да ја прифатат интеграцијата во културата на мнозинството, иако можат да се обидат да преговараат за условите како ќе бидат заштитени нивните права. Во Македонија таков е примерот со заедницата на Србите или Власите.

Потоа тие можат да бараат учество во власта и во тие рамки можат да преговараат за подобрување на условите во кои ќе ја развиваат сопствената култура, т.е. да настојуваат да создадат свои сопствени економски, политички и образовни организации и здруженија во кои ќе зборуваат на својот мајчин јазик.

И последно, малцинските заедници можат да прифатат постојано да живеат одвоени од другите делови на општеството. Во Македонија, иако нема добар пример за ова, најблиску до тоа се Ромите, кои живеат во свои маала и имаат култура што е свртена кон самата себе. Нивната изолираност најмногу се гледа во тоа што не учествуваат активно во образовниот, јавниот и политичкиот систем.

Околу другото прашање. И јас лично би сакал да не ја врзуваме културата за етнички групи. Тоа е тренд во Европа. Но, за жал Македонија е во фаза на воспоставување на односите меѓу заедниците, воспоставување на основните принципи на соживот и соработка и најважното: учење на демократијата и културата на соработка и соживот. Поради тоа етничките прашања и културата, на која ѝ се дава претежно етничка нота, се во фокусот на интересот на граѓанството. Јас не би сакал тоа да е така, но фактите се тие. Сепак, и тука можеме да се трудиме да ја јакнеме улогата на единката, нејзиното образование, заедничките културни вредности и во тој случај, секој граѓанин повеќе ќе сака да се идентификува со прифатениот стил на живот, со личните достигнувања и успеси, а помалку со групата и верата.

?

Јас со тоа нема многу да се согласам. Уставот гарантира индивидуални права на секого. Значи, секој може да зборува што сака, да се декларира како што сака, да се здружува и да остварува интереси. Зошто е тогаш потребно со државна интервенција да се заштитуваат некакви групни права? Тука не се работи за култура туку за право.



За да се постигне таков степен на културата и чувство на безбедност на единката и нејзината култура, мора да се изоди еден пат кога мора да им бидат заштитени некои **колективни права на малцинствата**. Овде зборуваме за тоа дека луѓето во денешниот модерен свет имаат основна потреба за „признавање". Тоа значи дека без посебни права многу групи, едноставно кажано, се чувствуваат како невидливи, уплашени дека ќе го загубат својот идентитет. Во историјата тоа навистина и се случувало со некои етнички групи. Припаѓањето кон една група игра многу важна улога во обезбедувањето самопочит, па оттука тоа заслужува јавно признание и поддршка. Секое малцинство што не сака да се претопи во мнозинската култура настојува да обезбеди некој вид сопствена автономија.
Рековме веќе дека чувството за посебност на сопствената култура е многу постабилно и колективниот идентитет само се засилува под услови на пресија за претопување во културата на мнозинството (пример за тоа е македонското малцинство во Грција, кое опстојува и ден-денес). Како резултат на политичката инструментализација на чувството за посебност, речиси секогаш доаѓа до зголемување (наместо до намалување) на нелојалноста спрема државата и на движењата за отцепување.

Инаку, дел од одговорот го даде и ти самата. Тоа е околу **односот на демократската држава спрема националните малцинства.**

Во секоја демократија, кога станува збор за мултикултурни општества, главно начело е неутралноста на државата кон етничките и културните разлики, која ги почитува разликите и идентитетот на своите државјани.

▸ ▸ ▸

И покрај тоа што некои групи се во помал број, тие ги уживаат истите права како и другите групи, т.е. мнозинството. Тоа особено се однесува на индивидуалното ниво. Никој не смее да биде оштетен или да нема еднакви права само затоа што е припадник на една или друга група. Исто така, државата не смее да си дозволи да го привилегира, или активно да го поддржува постоењето на една група на штета на друга, или да ги запоставува другите, а некои групи да ги фаворизира. Демократската држава не смее да дозволи одземање на државјанството на припадниците на малцинските групи или пак какво и да е кршење на основните човекови права.

Начинот на кој тие ќе си го живеат животот е надвор од одговорностите на државата. Припадниците на малцинството, ако сакаат да си го задржат сопствениот традиционален начин на живот, треба сами да се залагаат и да го остварат тоа по демократски пат. Државата со тоа нема ништо. Но, тоа важи и за културните права, кои немаат врска со етносите. Правата може да се обидат да си ги остварат и други групи, по легален и редовен пат.



Тука се најважни широчината на државата и толеранцијата. Тоа треба да подразбира најразлични можности на однесување и поставеност на државата спрема различни општествени групи. Најважно од сè: да не забранува формирање на здруженија и организации, кои имаат за цел да воспостават нови форми на култура, однесување, морално поведение, гледање кон уметноста, кон односите на половите, односот кон глобализацијата или заштитата од неа...



# Република Македонија
# како мултикултурна држава или општество

Македонија е држава во која живеат припадници на 26 различни етнички заедници. Повеќето од нив се разликуваат едни од други според етничкото потекло, но исто така и според јазикот и религијата. Тие се разликуваат како од мнозинската група, така и меѓу себе. Дел од заедниците се територијално збиени, а другите се раселени низ целата земја. И додека некои многу се разликуваат од мнозинската група, некои се разликуваат минимално од мнозинската или од другите групи.



!

Колку што знам, правата на етничките заедници во Македонија се релативно добро регулирани. Уставот гарантира индивидуални права за сите граѓани, без разлика на нивната припадност кон некоја група. Покрај тоа, во Уставот на РМ се гарантираат и права на граѓаните како припадници на некоја заедница, т.е. таканаречените колективни права. Најголем дел од овие права беа пропишани уште со донесувањето на првиот Устав на независна Македонија, па сепак, и покрај тоа што Република Македонија ја има ратификувано Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, цели пет години доцни со извештајот...



Да, меѓутоа по донесувањето на Охридскиот договор и со имплементацијата на Рамковниот документ, во Уставот имаме извесни унапредувања на колективните права. Со тоа се измени концептот на граѓанска држава. Да се надеваме дека кога ќе ги надминеме овие гледишта со етничка диоптрија, повторно ќе се вратиме на класичен граѓански устав. Но, дотогаш треба да се почека „да порасне" културата на толеранција и законите.

Како поголеми новини коишто се воведени со Рамковниот документ и коишто се однесуваат на заштитата на правата на етничките заедници, можат да се наведат:

- Јазичните права, според кои покрај македонскиот и јазикот на етничката заедница, која е бројно поголема од 20% од целокупното население, е исто така службен, а во единиците на локалната самоуправа и јазикот на малцинството што на локално ниво има најмалку 20% од граѓаните;

- Правата во законодавството - што во суштина значи дека во донесувањето закони што ги засегаат јазикот, културата, образованието, личните документи и прашањата од локалната самоуправа, за законите што се носат во Парламентот мора да гласаат барем половината од пратениците што се од немнозинската заедница, пратениците-припадници на малцинската заедница. Не може да се донесе закон што ги засега Турците во Македонија ако пратениците што се од турската заедница не го прифатат законот.

- Правата поврзани со локалната самоуправа и јавната администрација - што значи дека е предвидено значително да се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници. Локалната полиција ќе има поголем број припадници од заедниците коишто живеат во таа општина.
- Во местата каде што се регулираат вработувањата во јавната администрација ќе се обезбедат мерки за правична застапеност на припадниците од различните заедници во институциите на јавната администрација.

А дали сето ова нема да биде тиранија на малцинството врз мнозинството? И, нешто друго: колку е ова во врска со Охридскиот договор, а колку во врска со децентрализацијата... Јас знам дека Законот за локална самоуправа требаше одамна да биде донесен.





За првото прашање: може да биде, но не мора.

Припадниците на различните етноси ќе мора да научат да живеат заедно и да градат заеднички вредности. Законите не се дадени од бога, а ниту мирот. Ако се покаже дека мерките што треба да доведат до рамноправност и рамноправна застапеност не ги дале саканите резултати, тогаш ќе имаме нови незадоволства и кризи. Едноставно, треба да се даде време и да се види. Демократијата има методи и начини за воспоставување на релативно правична рамнотежа на волјата на мнозинството и малцинството, но луѓето тоа можат да го злоупотребат и да направат нови видови нерамнотежа и нерамноправност. Во тој случај, резултатите можат да бидат катастрофално лоши.

За второто прашање: европската демократија ја има стратегијата за постигнување рамнотежа меѓу централната и локалната власт. Ние пред 1990 година имавме локални самоуправи со многу широки овластувања. Законот за локална самоуправа ќе беше донесен и без Охридскиот договор.



